РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr 01-127/1
23.02. 20 26 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ НА НУ ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА – 2025

Со 2025 година, Националниот џез оркестар ја заокружи својата втора година на функционирање како национална установа. Во текот на годината, оркестарот реализираше обемна и програмски разновидна концертна сезона, оствари значајни меѓународни соработки и настапи на престижни сцени, со што дополнително го зацврсти својот уметнички идентитет и позицијата во домашниот и европскиот културен простор.

Сезоната беше свечено отворена на 24 јануари во Филхармонијата со концертот „Џез лектира: Quintessence by Quincy Jones“, посветен на биг-бенд опусот на легендарниот Квинси Џонс. Реализиран пред полна сала, овој концерт ја постави програмската рамка за целата година, афирмирајќи високи изведувачки стандарди и длабока почит кон клучните фигури од историјата на џезот.

На овој концерт беше опфатен значајниот биг-бенд опус на сестраниот музички магнат Квинси Џонс, почнувајќи од неговиот прв албум издаден во 1959 година, ексклузивни неиздадени аранжмани, негови аранжмани за Френк Синатра и оркестарот на Каунт Бејзи и биг-бенд аранжмани на композиции од подоцнежниот поп период кога Џонс доминира како аранжер и продуцент.

Со Националниот џез оркестар како солисти настапија: Калина Велковска, Светлана Јовановска, Ана Петановска, Дејан Бобиќ-Дексо, Сашо Гигов-Гиш и Џон Илија Апелгрен. Диригент на концертот беше маестро Владимир Николов.

Публиката во текот на концертот имаше можност да слушне композиции кои настанале како соработка со други музичари, оригинални композиции од албумот Quintessence (1962), како „ Hard Sock Dance“, „ For Lena and Lennie“, насловната нумера ‘The Quintessence’ на овој албум, потоа „Soul Bossa Nova“ која е искористена во многу познати филмови, популарни нумери од 70тите и 80тите години, како и нумери кои ги пеел Мајкл Џексон. Имено, Џонс има продуцирано и три негови албуми од најуспешните: „Off the Wall“ (1979), „Thriller“ (1982) и „Bad“ (1987).
Секоја изведба, пак, беше наградена со громогласен аплауз од страна на публиката меѓу која беа и претседателката на државата Гордана Сиљановска Давкова, министерот за локална самоупрва Златко Перински и за правда Игор Филков, како и бројни личности од јавниот живот во државата

На 20 февруари во Филхармонија се одржа концертот „Cuban Fire“ , посветен на музиката на Стен Кентон. Програмата понуди моќна и динамична фузија на биг-бенд звукот и латино естетиката, водејќи ја публиката низ возбудлива музичка нарација. Оркестарот низ оваа автентична латино-свита го предводеше диригентот Зиги Фајгл, кој со години важи за еден од најистакнатите биг-бенд диригенти во Европа и пошироко.

Репертоарот вбројуваше дел од најзначајните композиции на Кентон, вклучувајќи го и албумот Cuban Fire, вистинско биг-бенд ремек-дело кое критиката го опишува како

„возбудлива и кинематографска фузија на кубанската и биг-бенд музиката. Овој албум претставува возбудливо истражување на афро-кубанските ритми споени со биг-бенд џез. Сложените аранжмани ги соединуваат моќните перкусии и дувачките секции на традиционалната кубанска музика, кои неодоливо повикуваат на танц, со динамиката на американскиот џез.

Во околу час и половина, нашиот џез-оркестар, заедно со австрискиот диригент Зиги Фајгл, преку композициите и аранжманите на Кентон, ја поведе публиката од преполната сала на едно џез, свинг и латино патување, враќајќи нè во ерата на свингот, период пред Втората светска војна, кога биг-бенд свинг музиката беше најпопуларен музички жанр во САД.
Концертот, содржеше два дела, првиот со фокус на познати џез нумери, а вториот од албумот „Кубански оган" (Cuban Fire) снимен од Кентон и неговиот оркестар 1956 година и оценет од критиката како „возбудлива и кинематографска фузија на кубанската и биг-бенд музиката".

Салата на Филхармонија беше повторно исполнета до последното седиште и беше реализиран уште еден вистински успешен концерт. Сето тоа беше забележано од публиката која скандираше по завршувањето на концертот, но и од критиката и медиумите кои не штедеа на зборови во критиките и репортажите кои следеа по концертот. Македонската публика со аплауз ги проследи сите изведби на оркестарот, а најголем впечаток ѝ оставија нумерите со 'засилената' ритам секција, но секако не го криеше воодушевувањето и од брас-секцијата.

Концерт со хуманитарна цел
Еден од најемотивните моменти во годината беше концертот со португалската џез-пејачка Марија Мендеш, одржан на 25 март, со хуманитарна цел. Средствата од продадените билети беа донирани за семејствата на настраданите во трагичниот пожар во Кочани.
Таа вечер, музиката ја надмина својата уметничка функција и се преобрази во чин на солидарност и заедништво. Спојувајќи го биг-бенд изразот со фадото и длабоката португалска музичка традиција, концертот создаде атмосфера проникната со saudade — чувство на копнеж и тивка меланхолија.

Извонредната португалска пејачка и композиторка Марија Мендеш живее во Холандија. Музиката на Мендеш претставува уникатна мешавина од џез и португалска фадо музика, а нејзините изведби имаат добиено признанија од истакнати музички легенди, како Квинси Џонс, Вејн Шортер и Хермето Пашкоал, кои ја опишуваат како „џез-пејачка од највисок ранг".

Диригент на концертот беше маестро Владимир Николов кој повторно ја покажа својата беспрекорна конекција со биг бендот, давајќи и на публиката уште еден исклучителен музички производ.
На репертор на концертот беа изведени легендарни фадо песни меѓу кои и песна што легендарниот Хермето Пашкоал ѝ посвети песна на пејачката со неговата експериментална верзија на фадо, изведена без зборови. Една од омилените песни на Марија е „Com Que Voz", стара песна од Португалија чиј текст датира од пред 500 години,

напишана од поетот Луиш де Камоеш, кој многумина го сметаат за португалски Шекспир. Оваа песна ја поставува атмосферата за публиката да стане сведок на една незаборавна вечер на музика, каде што богатиот оркестарски звук на Биг-бенд оркестарот создава искри кога се среќава со возбудливата интеракција на страсниот глас на Мендеш, која пее приказни за „saudade", копнеж и љубов.

Во истиот дух на емоционална продлабоченост и уметничка рефлексија, на 25 април 2025 година, во салата на Македонската филхармонија, Националниот џез оркестар одржа концерт со исклучителните француски уметници Пјер Миле и Бети Жардан.
Музиката на оркестарот, заедно со Пјер Миле и Бети Жардан, проткаена со имагинација и искрени лични рефлексии, воспостави длабока врска со универзалните човечки искуства, создавајќи концерт што наликуваше на прославување на човечката природа — во сета нејзина убавина и противречност.

Today It's All About Jazz

На 30 април, по повод Меѓународниот ден на џезот, по деветти пат беше организиран фестивалот Today It's All About Jazz, со програма распоредена на две локации — Македонскиот народен театар и паркот „Ибни Пајко". Посебно место во програмата имаше работилницата „Џез за деца", наменета за најмладата публика.
Фестивалот вклучи концерт на триото на американскиот пијанист Брајан Марсела, како и низа настапи на регионални и меѓународни состави на отворената сцена, меѓу кои: Бојан Цветковиќ Квартет, YoYo Band, Христијан Ристески Квартет и Trio Dragobert feat. Milagros Piñera.
Во продолжение на пролетната концертна сезона, на 30 јуни 2025 година, во паркот „Ибни Пајко" во Скопје, Националниот џез оркестар реализираше значаен концертен настан по повод одбележувањето на 30 години дипломатски односи меѓу Македонија и САД. Концертот се одржа на отворено и претставуваше пример за успешна културна дипломатија, обединувајќи ги на истата сцена Националниот џез оркестар и „Free Groove" – Воениот оркестар на Армијата на САД за Европа и Африка. Програмата понуди богата музичка палета од џез и поп композиции, при што музиката функционираше како универзален јазик што ги поврза двата културни простора.

Звукот на џезот низ националните манифестации

Во рамки на пролетната концертна активност, на 11 април 2025 година, Националниот џез оркестар со свечен концерт ја отвори манифестацијата „Гевгелија – град на културата за 2025 година". Настапот се одржа на Градскиот плоштад во Гевгелија и понуди репертоар од познати македонски и светски поп-евергрини, специјално аранжирани за биг-бенд состав. Под диригентската палка на Џијан Емин, оркестарот настапи заедно со вокалните солисти Андријана Јаневска, Светлана Јовановска, Дејан Бобиќ и Калина Велковска, создавајќи концерт што ја спои популарната музичка традиција со современиот биг-бенд звук.

На 5 мај 2025 година, Националниот џез оркестар реализираше свечен настап по повод одбележувањето на 80-годишнината од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик. Со овој концерт, оркестарот даде свој уметнички придонес кон одбележувањето на еден од клучните моменти во современата македонска културна историја, потврдувајќи ја

улогата на музиката како дел од националниот културен идентитет.

Во рамки на одбележувањето на државниот празник 11 Октомври – Ден на народното востание, Националниот џез оркестар учествуваше во свечената програма одржана на 11 октомври 2025 година во НУ Центар за Култура „Марко Цепенков“ во Прилеп. За оваа пригода, оркестарот реализираше специјално подготвен музички настап, со кој ја збогати свеченоста и создаде уметничка атмосфера соодветна на историското и државното значење на празникот

Летната концертна активност продолжи на 28 јуни, со свеченото отворање на Штипското културно лето, каде Националниот џез оркестар гостуваше со програма составена од македонски и странски композиции аранжирани за биг-бенд. Под диригентство на Џијан Емин, оркестарот настапи со солистите Андријана Јаневска, Калина Велковска, Сашо Гигов – Гиш и Дејан Бобиќ – Дексо, заокружувајќи ја оваа концертна вечер како дел од значајните летни културни настани во земјата.

Летните месеци донесоа засилена концертна активност и значајни меѓународни средби.

На 14 јули, оркестарот настапи со реномираниот американски саксофонист Дони МекКаслин, еден од највлијателните музичари на современата џез-сцена. Настапот претставуваше ретка можност за скопската публика да се сретне со врвен светски уметник и да доживее незаборавна музичка вечер во живо. Под диригентство на Владимир Николов, концертот создаде жив и динамичен дијалог меѓу солистот и оркестарот, претворајќи го настапот во интензивно искуство на современ џез.

На 30 јули следеше значајното гостување на фестивалот „Сплитско лето“, во импозантниот историски амбиент на Перистилот. Заедно со Марија Мендеш, оркестарот настапи пред целосно исполнет простор, а концертот беше проследен со исклучително позитивен медиумски одек.

На 10 август, во рамки на фестивалот „Охридско лето“, Националниот џез оркестар настапи со специјален гостин — култниот нигериски музичар и најмладиот син на пионерот на афробитот Фела Кути, Шеон Кути. Под диригентство на Џијан Емин, концертот вклучуваше премиерни композиции специјално аранжирани за оваа пригода и создаде незаборавна музичка вечер за публиката.

На 25 октомври 2025 година, со концертот „Македонски сновидениja“, Националниот џез оркестар го отвори 25. издание на фестивалот „Есенски музички свечености“, поставувајќи силен и инспиративен почеток на фестивалската програма. Под диригентство на еминентниот композитор, аранжер и диригент Владимир Николов, оркестарот ја претстави својата авторска програма, инспирирана од длабокото и богато македонско музичко наследство.

Есенската програма донесе низа значајни концертни проекти. Во октомври беше реализиран концерт со еден од најзначајните современи џез-гитаристи, Курт Розенвинкел, со програма што за првпат беше изведена надвор од САД.

Истиот месец, Националниот џез оркестар за првпат настапи на Скопскиот џез фестивал, отворајќи го неговото 44. издание, со свои специјални гости Зиги Фајгл и Луис Бонила - симболичен и институционално важен момент.

Еден од врвните настани во сезоната беше концертот со легендарниот состав Yellowjackets, одржан на 6 ноември под водство на Боб Минцер. Ретките настапи на овој култен ансамбл во овој дел од Европа го претворија концертот во регионален културен настан, привлекувајќи публика од целиот Балкан и потврдувајќи го неговиот исклучителен меѓународен одек.

Турнејата „Македонски сновиденија": македонската музика на европската сцена

Во ноември 2025 година, Националниот џез оркестар реализираше мини-турнеја под наслов „Македонски сновиденија", носејќи дел од македонскиот музички пејзаж во срцето на Европа — Будимпешта, Прага и Виена. Овие настапи не беа само концерти, туку вистински средби меѓу традицијата и современиот џез јазик, преку кои македонската музичка приказна беше раскажана на нов, универзално разбирлив начин.

Турнејата започна на 12 ноември во големата сала на Универзитетот ЕЛТЕ во Будимпешта, продолжи на 14 ноември во културниот центар La Fabrika во Прага, а кулминираше на 17 ноември во легендарниот виенски џез-клуб Porgy & Bess — едно од најценетите места на европската џез-сцена. На секоја од овие сцени, оркестарот беше пречекан со внимание, љубопитност и искрен ентузијазам, а музиката успешно ги премости географските, јазичните и културните граници.

На 8 декември, Националниот џез оркестар настапи во преполната сала на Македонската филхармонија со тројцата музички великани — Дарко Рундек, Рамбо Амадеус и Влатко Стефановски. Концертот „Rock'n'Roll in Jazz" понуди возбудлив спој на рокенрол и џез и беше распродаден за рекордни пет дена.

На 14 декември, оркестарот го реализираше новогодишниот детски џез-концерт „Националниот џез оркестар во светот на Биби". Со три изведби и полни сали, концертот создаде празнична и едукативна атмосфера, исполнета со радост и креативност. На сцената настапија 80 музичари, актери и деца, под диригентската палка на маестро Џијан Емин.

Со овие завршни концерти, Националниот џез оркестар ја заокружи 2025 година како втора година од институционалното функционирање, демонстрирајќи уметничка зрелост и значаен придонес кон културниот живот на земјата.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLAR ARKIVOR

Архивски знак:
Shenja arkivore: ____________
Рок на чување:
Afati I ruajtjes: ____________
_______20____година
viti

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-127/1
23.02 20 26 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на Годишната програма за работа на НУ ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА од областа на музиката и музичко-сценската дејност во период 01.01.- 31.12.2025 год.**

На 26.02.2025 год. НУ Оркестар за џез музика склучи Договор бр.21-2042/1 со Министерството за култура и туризам на РСМ за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Установата и анекс бр.21-2042/11 од 18.11.2025 година.
Во Договорот за програмско финансирање на НУ Оркестар за џез музика согласно Законот за култура, средствата за финансирање се обезбедуваат од Буџетот на РСМ преку Министерството за култура и туризам. Одобрените средствата се исплаќаат врз основ на решенија за исплата од Министерството за култура и туризам, за користење по одобрените проекти. Финансиското работење на НУ Оркестар за џез музика се врши преку две сметки и тоа:

- 180106308860310 Средства од Буџетот на РСМ
- 180106308878718 Средства од самофинансирачки активности

1. **Финансиско работење со средства од Буџетот на РС Македонија**

Од Буџетот на РС Македонија, преку Министерството за култура и туризам, во 2025 година финансирана е дејноста на НУ Оркестар за џез музика со средства во вкупен износ од **28.478.460,00**- ден. од кои во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 год. реализирани се **28.478.364,00**,- ден., а остатокот од **96,00**,- ден. е разлика во исплатата на К15, во износ од 4,00 и од меѓународни активности во износ од 92,00 денари и истите на 31.12.2025 е вратен во буџетот. Средствата за овој период се одобрени и реализирани за следните намени:

| **Програма** | **Опис** | | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 40-401 | Основни плати | 12.468.053,00 | 12.468.053,00 |
| 40-402 | Придонеси за социјално осигурување | 4.841.195,00 | 4.841.195,00 |
| 40-404 | Надоместоци за годишен одмор | 173.212,00 | 173.208,00 |
| 40-464 | Програмски активности во 2025 | 7.221.000,00 | 7.221.000,00 |
| 70-464 | Културно уметнички манифестации | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |
| 90-464 | Меѓународна дејност | 2.275.000,00 | 2.274.908,00 |
| **Вкупно** | | **28.478.460,00** | **28.478.364,00** |

Програмските активности на НУ Оркестар за џез музика во периодот од 01.01.- 31.12.2025 година согласно Годишната Програма се реализирани со буџетски средства од следните програми:

| **Програма** | **Опис** | **Износ** |
|---|---|---|
| 40 - | Музичко сценска дејност | 7.221.000,00 |
| 70 - | Културно уметнички манифестации | 1.500.000,00 |
| 90 - | Меѓународна дејност | 2.274.908,00 |
| **Вкупно** | | **10.995.908,00** |

**40 - Музичко - сценска дејност**

Проектите од областа на музиката и музичко-сценската дејност од првото полугодие на 2025 год се прикажани на следниот табеларен преглед:

| Ред. број | Програма | Проект | Исплатени |
|---|---|---|---|
| 1. | 40 | Џез лектира:Quintessence by Quincy Jones | 403.153,00 |
| 2. | 40 | Cuban Fire | 392.832,00 |
| 3. | 40 | Fado Saudade – Национален Џез Оркестар и Maria Mendez | 646.934,00 |
| 4. | 40 | Национален Џез Оркестар со Pierre Millet | 651.169,00 |
| 5. | 40 | Национален Џез Оркестар и Donny McCaslin | 1.047.437,00 |
| 6. | 40 | Национален Џез Оркестар и Sean Kuti – Настап на Охридско Лето | 757.003,00 |
| 7. | 40 | Национален Џез Оркестар и Kurt Rosenwinkel | 930.207,00 |
| 8. | 40 | Ден на народното востание на 11 Октомври 2025г. Во НУ ЦК „Марко Цепенков“ - Прилеп | 221.000,00 |
| 9. | 40 | „Македонски сновиденија“ – Фестивал „Есенски музички свечености“ | 251.425,00 |
| 10. | 40 | Национален Џез Оркестар и Студенти | 103.282,00 |
| 11. | 40 | Настап на Национален џез оркестар на отварање на 44 –то издание на Скопје Џез Фестивал | 352.536,00 |
| 12. | 40 | Национален Џез Оркестар и Yellowjackets | 746.376,00 |
| 13. | 40 | Rock `n` roll in Jazz | 468.166,00 |
| 14. | 40 | Новогодишен Детски Џез Концерт: „Националниот џез оркестар во Светот на Биби“ | 249.480,00 |
| | | | |
| | | **Вкупно** | **7.221.000,00** |

**70 - Културно уметнички манифестации**

Проектот од областа на културно уметнички манифестации - фестивали од првото полугодие на 2025 год е прикажан на следниот табеларен преглед:

| Ред. број | Програма | Проект | Исплатени |
|---|---|---|---|
| 1. | 70 | Today It`s All About Jazz (Денес се е џез) | 1,500,000.00 |
| | | **Вкупно** | **1,500,000.00** |

**90 - Меѓународна дејност**

На 05.03.2025 год. НУ Оркестар за џез музика склучи Договор бр.33-2713/1 со Министерството за култура и туризам на РСМ за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Установата за 2025 година од областа на меѓународната дејност. На овој договор се направени и два анекси 33-2713/4 од 07.08.2025 и 33-2713/10 од 21.10.2025 година.

Проектот од областа на меѓународна дејност 2025 год е прикажан на следниот табеларен преглед:

| **Ред. број** | **Програма** | **Проект** | **Исплатени** |
|---|---|---|---|
| 1. | 90 | Гостување во Хрватска,Чешка, Австрија и Унгарија | 2.000.000,00 |
| 2. | 90 | „Концерт по повод 30 год. дипломатски односи меѓу РС Македонија и САД " (30.06.2025) | 274.908,00 |
| | | **Вкупно** | **2.274.908,00** |

## 2.Финансиско работење со средствата од самофинансирачки активности - 787

Според сметководствената евиденција, на сопствената сметка - **787** во периодот од 01.01-31.12.2025 година, НУ Оркестар за џез музикка оствари вкупен приход од **7.321.700,-** ден., додека расходите изнесуваат **5.900.000**,- ден.

Остварените приходи на сопствената сметка – **787** се прикажани во следниот табеларен преглед:

| **Ред. број** | **Конто** | **Вид на приходи** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | 723412 | Приходи од продажба на билети | 6.880.279,00 |
| 2. | 725939 | Други приходи | 441.421,00 |
| | | **ВКУПНО Приходи** | **7.321.700,00** |

На сметката 787-сопствени средства расходите се реализирани врз основа на следниот начин.

Од расходите направени за 2025 година во износ од 5.900.000,00 денари 84% отпаѓаат на договорни услуги со лица музичари, техничка поддршка, маркетинг и сл., кои беа ангажирани заради непречено одвивање на настаните за реализација на годишната програма како и за проектите финансирани од сопствени средства. Останатите 16% се содржат од донацијата за пожарот во Кочани во износ од 382.000,00 денари како и изнајмување на техничка опрема во износ од 540.420,00 денари.

Директор

Гоце Стевковски